ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
**ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА)** **0800 33 222**
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

Дата: 29.12.2011

# СООПШТЕНИЕ

**НОВ ДИРЕКТОР НА ФЗОМ**

Со решение на Владата на Република Македонија, за директор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија е именуван Џемали Мехази. Тој на оваа функција е избран на конкурс што Управниот одбор на ФЗОМ го објави на 21. 10.2011 во дневниот печат. Директорот Мехази ќе раководи со Фондот заедно со директорката м-р Маја Парнарџиева-Змејкова по досегашниот принцип на „ врзани потписи“.

Директорот на ФЗОМ Џемали Мехази по професија е дипломиран економист. Во периодот од 2005-2006 година тој ја извршува функцијата министер за транспорт и врски, од 2004-2005 е државен секретар во Министерството за финансии, додека во периодот од 2003 до 2004 година се наоѓа на местото директор на Дирекцијата за слободни економски зони.

Меѓу другите функции што ги извршувал Мехази е и директор на Државниот инспекторат за техничка инспекција. На функцијата директор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, Мехази доаѓа од позицијата директор на Државниот инспекторат за техничка инспекција.

**ФЗОМ**